# ELASTIC




**ВИСОКО ЕЛАСТИЧНО ХИБРИДНО ПОЛИМЕРНО ЛЕПИЛО И ЗАПТИВАЧ ПОГОДНО ЗА ЗАПТИВАЊЕ НА ШИРОК СПЕКТАР МАТЕРИЈАЛИ**

Професионално еластично лепило и заптивач базирано на иновативната POWER-BOOST технологија, кое обезбедува силна адхезија, одлична издржливост, ја задржува еластичноста дури и при тешки услови и нуди супериорна отпорност на мувла.

## СВОЈСТВА

- Одлична адхезија на повеќето градежни и метални материјали – бетон, тула, дрво, алуминиум, железо, нерѓосувачки челик, бакар и различни видови пластика.
- Добра екструдибилност дури и при ниски температури.
- Не се слева во вертикални споеви.
- Добра адхезија на влажни површини.
- Одлични механички својства и висока тврдина.
- Еколошки прифатливо; без растворувачи, изоцијанати и силикони.
- Целосно хемиски неутрално и без мирис.
- Може да се бои со повеќето бои и лакови на база на епокси, полиуретан и вода.
- Собирање при процесот на стврднување помало од 1 %.
- Отпорно на атмосферски влијанија, УВ зрачење и стареење.
- Не предизвикува корозија.
- Хемиска отпорност:
  – добра отпорност на: вода, алифатски растворувачи, минерални масла, масти, нископонцентрирани неоргански киселини и бази;
  – слаба отпорност на: ароматски растворувачи, концентрирани киселини и хлорирани јаглеводороди.
- Боја: бела

## ТЕСТИРАЊА И СЕРТИФИКАТИ

| | |
|---|---|
| EN 15651-1,3,4 | CE |
| ISO 846 | тест за фунгицидна отпорност |
| EN 1186, EN 13130 согласно CEN/TS 14234 | тест за употреба во прехранбената индустрија |
| EMICODE EC 1+ | тест за емисии |
| Класа А+ | тест за емисии |

## УПОТРЕБА

- Лепење на прозорски полици и лајсни.
- Монтажа и заптивање на различни кујнски елементи.
- Заптивање спoеви во силоси, резервоари за складирање, контејнери, вакуум системи и мрежи за компримиран воздух.
- Лепење на плочи и кровни покривки.
- Еластично лепење на конструкции изложени на вибрации.
- Заптивање и поправка на спoеви во подрачја склони кон појава на мувла.

- Заптивање и лепење на различни материјали во автомобилската и бродоградбената индустрија. Фиксирање стиропор, керамички плочки, прекинувачи и приклучници на различни подлоги.

**ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦ**

| | | |
|---|---|---|
| **Свежо лепило** | | |
| Основа: | | хибриден MS-полимер |
| Изглед: | | паста |
| Механизам на стврднување: | | со влажност од воздухот |
| Специфична тежина: | | 1500 ± 40 $kg/m^3$ |
| Време на формирање кожа: | 23 °C / 50 % рел. влаж. | 20 ± 5 мин. |
| Брзина на стврднување: | 23 °C / 50 % рел. влаж. | 2–3 mm/ден |
| Температура на нанесување: | | од +5 °C до +30 °C |
| **Стврднато лепило** | | |
| Тврдина Shore A: | ISO 868 | 40–50 |
| Промена на волумен: | ISO 10563 | < 1,5 % |
| Јачина на истегнување: | ISO 8339 | 1,1–1,5 MPa |
| Модул Е 100 %: | ISO 8339 | > 0,9 MPa |
| Издолжување при кинење: I | SO 8339 | 200–300 % |
| Јачина на истегнување: | ISO 37 | 2–2,5 MPa |
| Издолжување при кинење: | ISO 37 | 300–400 % |
| Отпорност на температура: | | од −40 °C до +90 °C |

**ПРИМЕНА**

- Нанесете го лепилото директно од кертриџот.
- Површините што се лепат мора да бидат цврсти, чисти, без масноти и прашина.
- Површините што се лепат може да бидат малку влажни.
- За добра адхезија на порозни материјали користете TKK SEAL силиконски и хибриден прајмер.

**Постапка за лепење:**

- Нанесете го лепилото во линија (мора да се обезбеди пристап на воздух/влажност).
- Предметот што се лепи поставете го на саканото место најдоцна 15 минути по нанесувањето на лепилото.
- При лепење потешки предмети, користете дополнително прицврстување сѐ додека лепилото не се стврдне (2–3 mm/ден при 23 °C и 50 % релативна влажност).

**Постапка за заптивање:**

- Пред започнување со заптивање, заштитете ги надворешните рабови на спојот со заштитна самолеплива лента.
- За оптимална еластичност на заптивачот, односот ширина : длабочина е од исклучителна важност. Односот треба да биде 2 : 1, максимум 1 : 1. Заптивачот не смее да се прилепува на дното на спојот, туку само на неговите страни. Ова се постигнува со користење на TKK SEAL Back filling лента. Минималната и максималната ширина на спојот се 6 mm и 20 mm.
- Спојот се димензионира според шемата прикажана подолу:







- На крајот, користете TKK SEAL алат за измазнување или TKK SEAL средство за измазнување, односно прст натопен во средство со сапуница, за да го израмните заптивачот пред да започне формирањето на површинска кожа. Многу е важно заптивачот добро да се притисне кон површината што се заптиува.
- Отстранете ја заштитната (маскирна) лента пред заптивачот да започне да се стврднува.
- Свежиот заптивач и алатите може да се исчистат со TKK CLEAN PROTECT средство за чистење алат. Стврднатиот заптивач прво треба механички да се отстрани, а потоа да се исчисти со средство за отстранување стврднат силикон – TKK CLEAN PROTECT silicone remover или TKK CLEAN PROTECT универзален чистач.

**ПАКУВАЊЕ**
- Кертриџ од 290 ml.

**СКЛАДИРАЊЕ**
- 15 месеци на суво и ладно место, на температура помеѓу 5 °C и 25 °C, во оригиналното, неотворено пакување.

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СРЕДСТВОТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И ЗА НЕГОВО БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ, РАКУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ**
Дополнителни информации за безбедноста, упатствата за безбедно ракување и личната заштитна опрема, како и информации за отстранување се достапни во безбедносниот лист. Безбедносниот лист е достапен на барање. Можете исто така да побарате копија од вашиот TKK дистрибутер.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Упатствата содржани во овој документ се засноваат на нашето истражување и искуство, меѓутоа, поради специфичните услови и методи на работа, препорачуваме да извршите прелиминарни тестови пред каква било примена на нашите производи.